НВО ИНФОЦЕНТАР

# АНКЕТА:

## Што мислат граѓаните за институцијата Народен правобранител?

Извештај број 6
март, 2019

U.S. Embassy Macedonia

Проектот е поддржан од Амбасадата на САД. Мислењата, откритијата и заклучоците, или препораките изнесени овде се на имплементаторите и не ги одразуваат оние на Владата на САД.

# 01 ВОВЕД И МЕТОДОЛОГИЈА НА АНКЕТНОТО ИСТРАЖУВАЊЕ

НВО Инфоцентарот, во рамки на проектот „Граѓанско набљудување на Народниот правобранител“, поддржан од Амбасадата на Соединетите Американски Држави (САД), спроведе анкетно истражување за тоа какви се перцепциите и ставовите на граѓаните за работата и перформансите на Народниот правобранител (НП) .[1]

Анкетата е спроведена на повеќеслоен стратификуван примерок од 1.202 испитаници постари од 18 години. Примерокот е национално репрезентативен според пол, возраст, етничка припадност, регион и место на живеење. Анкетирањето беше направено на македонски и на албански јазик. Сите резултати се подложни на статистичка грешка од 2,83% со прифатливо ниво на доверба од 95%. Ограничување на истражувањето може да биде тоа што примерокот за истражувањето е изработен врз основа на податоците од пописот во 2002 година, кои можеби се застарени и не ја одразуваат целосно реалната ситуација на теренот. Имајќи го предвид ова, примерокот е модифициран според периодичната проценка за населението на Државниот завод за статистика од 2017 година.

Првото прашање за тоа, дали слушнале за институцијата Народен правобранител, им беше поставено на сите испитаници, додека останатите прашања и искази се однесуваа само на испитаниците кои потврдно одговорија на првото прашање.

Анкетата беше реализирана во периодот од 16 февруари до 7 март 2019 година.

---

1 Анкетата е спроведена во соработка со Евротинк – Центарот за европски стратегии, во рамки на поширокo истражување на јавното мислење, а во реализација на агенцијата М-Проспект.

# 02 КЛУЧНИ НАОДИ – СУМИРАН ПРИКАЗ

- Две третини од испитаниците знаат дека постои институцијата Народен правобранител.
- За Народниот правобранител најмногу слушнале испитаниците од Источниот регион - 85,2%, а најмалку оние од Полошкиот регион – 43,8%.
- Повозрасните граѓани се повеќе информирани за Народниот правобранител, додека младите од 18 до 29 години, се најмалку информирани за постоењето на оваа институција.
- Мажите, за разлика од жените, се повеќе запознаени со постоењето на Народниот правобранител.
- Граѓаните со високо и средно образование се подобро информирани за постоењето на Народниот правобранител од испитаниците со основно образование.
- Испитаниците кои живеат во град се за нијанса подобро информирани за постоењето на Народниот правобранител, во споредба со граѓаните кои живеат во село.
- Повеќето граѓани се запознаени со дел од основните надлежности на Народниот правобранител.
- Голем дел од граѓаните се подготвени да му се обратат на Народниот правобранител доколку им е повредено некое право - 76,3%.
- Половина од граѓаните не знаат каде и како можат да му се обратат на Народниот правобранител.
- Повеќе од половината испитаници се изјасниле дека Народниот правобранител е професионален во своето работење.
- Речиси 47% од испитаниците сметаат дека оваа институција е транспарентна, а 39% сметаат дека Народниот правобранител е независен во своето работење.
- Нешто над 40% од испитаниците мислат дека Народниот правобранител е поставен на таа позиција заради својата блискост со власта, додека 37% дека тој се наоѓа на таа позиција благодарение на својата стручност.

Дали сте слушнале за институцијата Народен правобранител?




**ПОВЕЌЕТО ГРАЃАНИ СЛУШНАЛЕ ДЕКА ПОСТОИ ИНСТИТУЦИЈАТА НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ** - Анализата на одговорите на прашањето за тоа дали слушнале за институцијата Народен правобранител, покажува дека две третини од испитаниците односно 66,6% одговориле позитивно.

Испитаници кои слушнале за Народниот правобранител (според возраст)




Повозрасните граѓани се повеќе информирани за постоењето на Народниот правобранител и тоа, оние кои се постари од 65 години – 71,6%, но и оние кои се на возраст од 30 до 39 години – 70,9%. Младите од 18 до 29 годишна возраст се најмалку информирани за постоењето на институцијата Народен правобранител – 54,2%.

## Испитаници кои слушнале за Народниот правобранител (според регион)




За Народниот правобранител најмногу слушнале испитаниците од Источниот регион - 85,2%, Пелагонискиот – 76,5% и Скопскиот – 75,7%, додека граѓаните од Полошкиот регион се најмалку запознаени со постоењето на оваа институција – 43,8%.

Што се однесува до половата припадност, мажите повеќе слушнале за постоењето на Народниот правобранител – 70,5%, во споредба со жените - 62,7%.

## Испитаници кои слушнале за Народниот правобранител (според пол)



Од аспект на нивото на образование, анализата на добиените податоци покажува дека испитаниците со високо и средно образование се подобро информирани за разлика од оние со основно образование – 70% и 69,6%, наспроти 53,8%.

## Испитаници кои слушнале за Народниот правобранител (според степен на образование)




- Високо образование
- Средно образование
- Основно образование

## Испитаници кои слушнале за Народниот правобранител (според средината во која живеат)

**Село**

**63%**






**Град**

**69%**

Анализата покажува дека испитаниците кои живеат во урбана средина (град) се за нијанса подобро информирани за постоењето на Народниот правобранител, во споредба со граѓаните кои живеат во рурална средина (село) – 69% наспроти 63%.

## ПОВЕЌЕТО ГРАЃАНИ СЕ ЗАПОЗНАЕНИ СО ДЕЛ ОД ОСНОВНИТЕ НАДЛЕЖНОСТИ НА НАРОДНИОТ ПРАВОБРАНИТЕл -

За да провериме дали и колку граѓаните ги знаат основните надлежности на Народниот правобранител, на испитаниците им прочитавме неколку искази, за кои тие требаше да проценат дали се точни односно неточни. Анализата на добиените одговори покажа дека високи 72% од испитаниците знаат дека Народниот правобранител ги штити уставните и законските права на граѓаните кога им се повредени од страна на државните институции. Исто така, речиси две третини од испитаниците односно 61% знаат дека Народниот правобранител ги штити начелата на недискриминација и правична застапеност, а дури 82% знаат дека граѓаните имаат право да поднесат претставка до Народниот правобранител доколку сметаат дека локалната власт ги повредила нивните  права и слободи.

Иако Народниот правобранител нема надлежност врз приватниот сектор, повеќе од половината испитаници - 55%, сметаат дека оваа институција може да ги заштити нивните права кога им се повредени од страна на приватните фирми.









Голем дел од граѓаните се подготвени да му се обратат на Народниот правобранител доколку им е повредено некое право – 76,3%, додека 13,4% не би се обратиле, зашто сметаат дека Народниот правобранител не може ништо да направи.

Половина од граѓаните не знаат каде и како можат да му се обратат на Народниот правобранител – На прашањето дали и како може да се достави претставка до Народниот правобранител, 49,5% од испитаниците одговориле дека не знаат, а 46,5% одговориле позитивно.




Дали знаете каде и како може да се достави претставка до Народниот правобранител?

Според добиените одговори, најинформираните граѓани за тоа, каде и како можат да достават претставка до Народниот правобранител, имаат високо образование (9,7%), живеат во урбана средина (49, 4%), во Североисточниот (55,1%), Скопскиот (52,9%) и Југоисточниот регион (49,3%) и се на возраст од 50 до 64 години (49,2%).




**ИНФОРМИРАНИ ГРАЃАНИ**

Дали знаете каде и како може да се достави претставка до Народниот правобранител? (по регион)



Повеќе од половината испитаници сметаат дека Народниот правобранител е професионален во своето работење – 51,38%, додека 46,88% сметаат дека оваа институција е транспарентна. Нешто помалку, 39,13% од испитаниците, пак, сметаат дека Народниот правобранител е независен во своето работење од партиските, владините и бизнис интересите.

## Независност, професионалност и транспарентност на Народниот правобранител




## Причини заради кои Народниот правобранител е поставен на таа позиција




За да ги добиеме личните видувања/ перцепции на граѓаните, на испитаниците им беа прочитани два искази поврзани со причините заради кои Народниот правобранител е поставен на таа позиција. Според добиените одговори, 42% од испитаниците сметаат дека Народниот правобранител е избран заради својата блискост со власта, додека 37% сметаат дека тој се наоѓа на таа позиција благодарение на својата стручност.

# 04 ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

- Резултатите од оваа анкета покажуваат дека солиден број граѓани знаат за постоењето на институцијата Народен правобранител, како и дека се запознаени со дел од нејзините основни надлежности.
- Фактот дека повеќе од половината испитаници кои слушнале за Народниот правобранител, сметаат дека тој може да ги заштити нивните права и во приватниот сектор, упатува на заклучокот дека граѓаните, сепак, не се доволно упатени во надлежностите на оваа институција и дека им се потребни дополнителни информации.
- Тоа што голем дел од испитаниците се подготвени да му се обратат на Народниот правобранител доколку им е повредено некое право, покажува дека граѓаните ја препознаваат оваа институција како заштитник на нивните права наспроти државните и јавните институции.
- Од друга страна, пак, податокот дека половина од испитаниците не знаат каде и како можат да му се обратат на Народниот правобранител, е уште еден показател за потребата од поголема промоција и видливост на оваа институција, на нејзините надлежности и секако, подобро и поинтензивно информирање за начините каде и на кои се начини, засегнатите граѓани можат да доставуваат претставки и да комуницираат со Народниот правобранител.
- Своите идни промотивни активности, Народниот правобранител треба да ги насочи претежно кон младите луѓе и жените, како и да биде поприсутен во руралните средини.
- Народниот правобранител, според перцепцијата на граѓаните, покажува добар степен на професионалност и стручност, а потоа и на транспарентност и независност во својата работа. Тоа не се исклучително високи проценти, особено не оние кои се однесуваат на независноста од политичките и економските центри на моќ, но се забележливо подобри во споредба со, на пример, јавната администрација, чија независност, професионалност и транспарентност, граѓаните во континуитет ги оценуваат многу слабо, па дури и незадоволително. Оттаму, резултатите од оваа анкета, недвосмислено укажуваат на потребата од натамошно континуирано подобрување на интегритетот, професионалноста, стручноста и транспарентноста на Народниот правобранител, што пак, неминовно ќе води кон независност и зголемена доверба на граѓаните спрема оваа институција.